РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3111/2
26-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68 - та седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-3111/1 од 30.08. 2021 година, против повеќе судии и јавни обвинители од ----------, доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се поврзани со надлежно постапување на друг орган, во конкретниот случај на Судски совет на РСМ, до кој и е доставена пријавата.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 30.08.2021 година, поднесена е пријава за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси против повеќе судии и јавни обвинители од ---------- и оформен е предмет број 09-3111/1 од 30.08. 2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека судството во --------- е извор на неправда и мито, корупција и непотизам, и притоа наведува низа случаи на семејни врски помеѓу судии, јавни обвинители и адвокати од -----------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имено, во постапките кога постои прекршување на правилата за изземање во ситуации во кои судијата знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за изземање предвидени во Законот за судови, надлежен да постапува е Судски совет на РСМ и е еден од основите за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија согласно член 75 став 1 алинеја 4 од Законот за судови.

Наведената пријава е доставена до повеќе институции, помеѓу која е и Судски совет на РСМ, кој е надлежен да постапува во конкретниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: С.М –советник
Контролирал: К. З – Раководител
Одобрил: С.П.Д – Член на ДКСК